Здружение за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА
ДЛУМ
Бр. 45
22.6 2022 год.
СКОПЈЕ

ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-51
Датум: 22.6.2022 година

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	Здружение за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје (**во натамошен текст : ДЛУМ**)
Седиште/адреса на субјектот	ул. „Кеј 13 – ти Ноември“ ББ, Скопје
Адреса за е-пошта	dlum.mkd@gmail.com
Телефон	211-533
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на жиро сметка на субјектот	
Банка депонент	НЛБ банка А.Д. - Скопје
Одговорно лице на субјектот:	

Име и презиме, претходен претседател	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН

Датум на почеток на инспекцискиот надзор	15 и 22.6.2022 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	11.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	22.6.2022 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	14.00
Назив на објектот-	ул.„Македонија“ ББ Дом на АРМ деловни		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

инсталацијата каде се врши надзорот	простории на ДЛУМ - Скопје
Приоритетна дејност на субјектот каде се врши надзорот	Дејности на струковни организации врз база на членување (шифра: 94.12)
Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	ул.„Македонија“ бр.12 Дом на АРМ Скопје

3) Инспекциски надзор е извршен врз основа на:

-Налогот Ип 1 бр. 57-51 од 6.6.2022 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК – главен инспектор и месечениот план за работа за месец јуни дел.бр. 57-49/7 од 3.6.2022 г., а во врска со Иницијативата бр. 23-6235/1 од 9.5.2022 г., поднесена од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МК, со наводи во истата дека и покрај неколкуте усмени опомени корисникот не доставил дополнителни докази за исплати за авансно преведените средства.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

[redacted], советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип. 1 бр. 57-51 од 8.6.2022 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ 102/19).

5) Предмет на инспекцискиот надзор:

Предмет: инспекцискиот надзор е извшрен од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата, доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за финансирање на проектите, за учество во финансирање на проекти од национален интерес во културата од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн за 2021 г. и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства за реализација на Проектот, договори, сметки, фактури,

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

Основ: член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), и член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
потпретседател на УО		

Забелешка: За време на извршување на вонредниот инспекциски надзор (на 15.6.2022) не присуствуваше поранешниот претседател (избран на 02.03.2019 г., заклучно со 28.04.2022 г., кога со Одлука бр.23 од истиот датум е исклучен од ДЛУМ) иако од страна на инспекторот со Известување бр.Ип.1 бр.57-51 од 8.6.2022 г., е известен за вонредниот инспекциски надзор и повикан да присуствува за време на извршување на надзорот.

Исто така, од страна на ДЛУМ, претходниот претседател бил известен и повикан со Допис бр.38 од 15.6.2022 г., (кој за време на надзорот беше презентиран на инспекторот испратен по пошта и на е-маил) да биде присутен на закажанит термин за вршење на инспекцискиот надзор не присуствуваше, а за истото испратил одговор на е-маил со образложение дека нема да присуствува при надзорот затоа што бил исклучен од ДЛУМ и дека немал обрска согласно Статутот да учествува во надзорот, истовремено потенцирајќи дека само надлежните од Министерството и кабинетот на Министерката ако имаат некакви прашања можат да го контактираат лично.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

На 21.6.2022 година преку телефон беше контактиран претходниот претседател на ДЛУМ [redacted] кој изјави дека не присуствувал на 15.6.2022 година во просториите на ДЛУМ бидејќи не го добил Известувањето Ип.1 бр.57-51 од 8.6.2022 година и дека на 22.6.2022 година (среда) во 10 часот ке дојде во деловните простори на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, за да биде запознаен со Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор и да се произнесе по истиот.

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:**

Име и презиме	Својство
[redacted]	член на УО
	член на УО
	сликар член на ДЛУМ
	надворешен сметководител
	претседател на уметнички совет
	координатор на проекти-техничко лице
	Поранешен претседател на ДЛУМ

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

-Видно од апликацијата/пријавата Уп 1 бр. 22-3568 од 12.11.2020 година ДЛУМ конкурирал со Проектот „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба)" со вкупно побаран буџет за истиот, во износ од 940.000 денари од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн а со Решението за прифаќање на проектот Уп 1 бр. 22-3568/2020 од 23.2.2021 година, Проектот „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба)", бил избран како проект од национален интерес во културата за 2021 година и за истиот се доделени средства за истиот во износ од **187.600 денари** и тоа за Организациско-материјални трошоци 80.000 денари, авторски хонорари 40.000 денари и печатење на каталог 67.600 денари.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

-Видно од апликацијата/пријавата Уп 1 бр. 22-3569 од 12.11.2020 година ДЛУМ конкурирал со Проектот „ДЛУМ - Годишна програма" со вкупно побаран буџет за истиот, во износ од 641.736 денари од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн а со Решението за прифаќање на проектот Уп 1 бр. 22-3569/2020 од 23.2.2021 година, Проектот „ДЛУМ – Годишна програма", бил избран како проект од национален интерес во културата за 2021 година и за истиот се доделени средства за истиот во износ од **170.800 денари** и тоа за Организациско-материјални трошоци 80.000 денари, авторски хонорари 40.000 денари и печатење на каталог 50.800 денари.

-Видно од апликацијата/пријавата Уп 1 бр. 22-3567 од 12.11.2020 година ДЛУМ конкурирал со Проектот „Монографија - ДЛУМ 75 години" со вкупно побаран буџет за истиот, во износ од 573.750 денари од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн а со Решението за прифаќање на проектот Уп 1 бр. 22-3567/2020 од 23.2.2021 година, Проектот „Монографија - ДЛУМ 75 години", бил избран како проект од национален интерес во културата за 2021 година и за истиот се доделени средства за истиот во износ од **201.600 денари** и тоа за: авторски хонорари 90.000 денари и подготовка и печатење на публикација 111.600 денари.

- Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, ДЛУМ на 9.6.2021 г. до МК има доставено БАРАЊЕ за исплата на средства за проектот „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба)", заведено во МК под бр. 22- 7923/1 од 21.4.2021 г., за исплата на вкупно одобрените средства, односно 187.600 денари за реализација на проектот, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план од 7.6.2021 г., со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 187.600 денари и тоа: прибирање,подготовка и обработка на материјали 80.000 денари, координатор на проект и фотографирање на дела 40.000 денари и подготовка и печатење на каталог 67.600).

Исто така, ДЛУМ доставил до МК, БАРАЊЕ за исплата на средства за проектот „Монографија - ДЛУМ 75 години" со влезен штембил на МК бр.22-7925/1 од 9.6.2021 г., за исплата на вкупно одобрените средства, односно 201.600 денари за

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

реализација на проектот, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план од 7.6.2021 г., со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 201.600 денари и тоа:прибирање,селектирање обработка на материјали 90.000 денари, подготовка за печатење на монографија 116.000 денари.

За проектот „ДЛУМ – Годишна програма" исто така е доставено БАРАЊЕ за исплата на одобрените средства односно 170.800 денари, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план со приемен штембил на МК бр.22-7924/1 од 9.6.2021 г. со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 170.800 денари и тоа организациски трошоци 80.000 денари, авторски хонорати 40.000 денари и печатење на каталог 50.800 денари.

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (4) од Договорите, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2019 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2019 г.), до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање ДЛУМ до МК има доставено Наративни и финансиски извештај и за реализација на Проектите „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба), „ДЛУМ – Годишна програма" и „Монографија – ДЛУМ 75 години" со приемен штембил на МК бр. 22-14791/1 од 29.12.2021 г., бр.22-14718 од 27.12.2021 г. и дел бр. 63 од 23.12.2021 година. При надзорот беше утврдено дека ДЛУМ ги реализирал сите три проекти од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн.

-Користење на одобрените средства
(Програма – Визуелни уметности, архитектура и дизајн)

Согласно со Договорот бр. 22-7923/2 од 8.7.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на ДЛУМ биле одобрени 187.600 денари, а со Решението бр.22-7923/3 од 19.7.2021 г., на **ДЛУМ** авансно се преведени на 160.000 денари за Проектот „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба)" и тоа за: Организацико-материјални трошоци 80.000 денари, Авторски хонорари 40.000 денари и печатење на каталог 67.600 денари.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Трошењето на средства во износ од **160.000 денари за Проектот „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба)** , се прикажани во следниот табеларен преглед:

Ред. бр.	Доверител	Намена	Износ	Забелешка
1.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за координатор на проектот	22.727	Ф-ра бр. 318/21 од 29.7.2021 и по претходно склучен договор бр.03-633 од 29.7.2021 г., (Банковен извод бр.3 од 29.7.2021)
2.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за фотографирање на дела за проектот	22.727	Ф-ра бр. 316/21 од 29.7.2021 и по претходно склучен договор бр.03-629 од 29.7.2021 г., (банковен извод бр.3 од 29.7.2021)
3.	ДПТУ „Рojал Арт" ДООЕЛ Скопје	Печатење на каталог за изложба 75 години ДЛУМ	15.364	Дел од ф-ра бр.407/2021 од 21.10.2021 (Банковен извод бр.6 и 8 од 2022)
4.	„Арт Тајм"ДООЕЛ Скопје	Врамување на слики за јубилена изложба 75 години на ДЛУМ	46.728	По ф-ра бр.044/21 од 10.12.2021 г (Банковен извод бр. 6 од 19.4.2022)
5.	АД Македонски телеком Скопје	Организациско-материјални т-ци Фиксни телефони за м.4,5.6 ,7 и 9 и др	31.214	По 5 ф-ри (Банковен извод бр.3 и бр.7 од 2021)
6.	НЛБ Банка АД Скопје	Банкарска провизија	2.131	
	Вкупно: исплатени средства 160.000 денари		**140.893 денари**	

Од увидот во сметководствената документација на ДЛУМ утврдено е дека поранешниот претседател на ДЛУМ - Филип Фидановски извршил пренамена на дел од средствата во вкупен износ од 18.347 денари од горе наведениот проект во проектите „Монографија - ДЛУМ 75 години" и тоа 12.653 денари и во проектот „ДЛУМ – Годишна програма" 5.694 денари без претходна согласност на МК, односно овие средства се потрошени ненаменски, со што е сторена повреда на член 68 став (1) од ЗК, а што е казниво по член 91-а од истиот Закон.

Проектот е реализиран на 1.12.2021 година во Националната галерија на Р.С.Македонија во двата објекти Чифте амам и Мала станица а на 29.12.2021 е

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

доставен образец за наративен и финансиски извештај со приемен штембил на МК бр.22-14791/1.

Согласно со Договорот бр. 22-7925/2 од 8.7.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на ДЛУМ биле одобрени и преведени 201.600 денари, на **ДЛУМ** од кои 41.600 денари се преведени во 2022 година, за Проектот „Монографија - ДЛУМ 75 години" и тоа за: Авторски хонорари 90.000 денари и подготовка и печатење на публикација 111.600 денари.

Трошењето на средства во износ од **201.600 денари за** Проектот „Монографија - ДЛУМ 75 години"се прикажани во следниот табеларен преглед:

Ред. бр.	Доверител	Намена	Износ	Забелешка
1.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест закуратор на проектот	34.483	Ф-ра бр. 416/21 од 21.10.2021 и по претходно склучен договор бр.03-825 од 21.10.2021 г., (Банковен извод бр.7 од 21.102021)
2.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за фотографирање на дела за проектот	22.727	Ф-ра бр. 414/21 од 21.10.2021 и по претходно склучен договор бр.03-821 од 21.10.2021 г., (банковен извод бр.7 од 21.10.2021)
3.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за координатор на проектот	22.727	Ф-ра бр. 415/21 од 21.10.2021 и по претходно склучен договор бр.03-823 од 21.102021 г., (Банковен извод бр.7 од 21.10.2021)
4.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за дизај на проектот	22.727	Ф-ра бр. 417/21 од 21.10.2021 и по претходно склучен договор бр.03-827 од 21.102021 г., (Банковен извод бр.7 од 21.10.2021)
5.	ДГУП „Софија" ДООЕЛ извоз-увоз Богданци	Подготовка и Печатење на публикација	111.589	По ф-ра бр.071/2021 од 21.10.2021 (Банковен извод бр.8 од 22.10.2021)
	Вкупно: исплатени средства 201.600 денари		**214.253 денари**	

Проектот е реализиран односно промоцијата на монографијата во Националната галерија на Р.С.Македонија а на 27.12.2021 е доставен образец за наративен и финансиски извештај со приемен штембил на МК бр.22-14718/1.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Согласно со Договорот бр. 22-8924/1 од 8.7.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на ДЛУМ биле одобрени и преведени 170.800 денари, на **ДЛУМ** од кои 20.800 денари се преведени во 2022 година, за Проектот „ДЛУМ – Годишна програма" и тоа за: Организациско материјални трошоци 80.000 денари, авторски хонорари 40.000 денари и трошоци за печатење 50.800 денари.

Трошењето на средства во износ од **170.800 денари за** Проектот „ДЛУМ – Годишна програма" се прикажани во следниот табеларен преглед:

Ред. бр.	Доверител	Намена	Износ	Забелешка
1.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за фотографирање на дела за проектот	22.727	Ф-ра бр. 315/21 од 29.7.2021 и по претходно склучен договор бр.03-624 од 29.7.2021 г., (банковен извод бр.3 од 29.7.2021)
3.	ДЗЗИС „СЕНЗАЛ" ДООЕЛ Скопје	Авторски надомест за координатор на проектот	22.727	Ф-ра бр. 317/21 од 29.7.2021 и по претходно склучен договор бр.03-631 од 29.7.2021 г., (Банковен извод бр.3 од 29.7.2021)
4.	ДПТУ „Рojал Арт" ДООЕЛ Скопје	Печатење на каталози	50.800	По ф-ра бр.407/2021 од 21.10.2021 (Банковен извод бр.7 од 21.10.2021)
5.	„Украс" ДОО Прилеп	Врамување на дела	80.240	По ф-ра бр.1412-01 од 14.12.2021 (Банковен извод бр.13 од 28.12.2021)
	Вкупно: исплатени средства 170.800 денари		**176.494 денари**	

Видно од последниот банковен извод бр.13 од 28.12.2021 година ДЛУМ имал непотрошени средства во износ од 760 денари.

Проектот е реализиран во периодот од јануари - декември во два објекти и тоа : во Уметничкиот Центар АРТ ХАБ во Скопје и во Културно информативниот центар КИЦ –Скопје а на 23.12.2021 е доставен образец за наративен и финансиски извештај .

Од непосредниот увид во горенаведената доментација, врз основа на истата:

-Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што се преземени следните мерки:

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Проектите од областа на визуелни уметности, архитектурата и дизајнот се реализирани согласно со член 5 став (1) од Договорите со МК, но Претходниот претседател на ДЛУМ [redacted] извршил пренамена на дел од преведените средства во вкупен износ од 18.347 денари од Проектот „ДЛУМ 75 години (јубилејна изложба) во проектите „Монографија - ДЛУМ 75 години" и тоа 12.653 денари и во проектот „ДЛУМ – Годишна програма" 5.694 денари без претходна согласност на МК, со што е сторена повреда на член 68 став (1) од Законот за култура, а што е казниво по член 91-а од истиот Закон.

- За утрдената неправилност од аспект на примена на членот 68 став (1) од Законот за културата, како и член 7 став (2) од Договорот бр. 22-7923/2 од 8.7.2021 г., од страна на инспекторот ќе бидат превземени мерки согласно со член 91-в ставовите (1), (2) и (3) од Законот за култура.

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите за работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор

11)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен потпретседателот на УО на ДЛУМ и поранешниот претседател [redacted], односно субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Според изјавата на претходниот претседател на ДЛУМ, пренамената на дел од средствата е направена ненамерно поради неинформираност на претходниот претседател од стручната служба на ДЛУМ т.е. конкретно секретарот на ДЛУМ кој ги води сите административни работи и навремено да го информира претседателот за постапките кои треба да се превземат.

Потпис на претставникот на субјектот на надзорот: [redacted]	Печат и потпис на инспекторот за култура: [redacted]

Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
ковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

	УО		
Датум:	_____6.2022 г.	Датум:	22.6.2022 г.

Претходен претседател на ДЛУМ, (избран на 02.03.2019 г., заклучно со 28.04.2022 г)

22.06.22год.

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА
ДЛУМ
Скопје

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk